**ЗАПИСНИК**
**од 41-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 21.12.2023 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазар Трајчев (оправдано отсутен).

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, Емилија Јаневска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 41-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 13:30 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала, втори кат.

Советот на Агенцијата едногласно, со 5 гласа „за“, го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 40-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 21.12.2023 година.
2. Предлог-годишен план за јавни набавки во 2024-та година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
3. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ, Скопје, за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на член 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица.
4. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ, Скопје, за прекршување на член 14 од Законот за медиуми.
5. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, за прекршување на член 53 став 2 од ЗААВМУ.
6. Предлог-одговор на известување од ТРД Радио Канал 77 ДООЕЛ Штип.
7. Предлог за давање одобрување за донесување одлука за одобрување на финансиски средства за набавка на адвокатски услуги.
8. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата од технички причини го одложи предложениот Записник од 40-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 21.12.2023 година, за пред почетокот на следната седница.

**Точка 2**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлог-годишниот план за јавни набавки во 2024-та година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Објасни дека Агенцијата согласно одредбите од Законот за јавни набавки има обврска по усвојување на Финансискиот план на Агенцијата за 2024 година, да донесе Годишен план за јавни набавки во кој што ќе бидат дефинирани сите набавки кои што Агенцијата ќе има потреба да ги спроведе во текот на годината. Формата и содржината на планот е пропишана со Правилникот за формата, содржината и начинот на изготвување на Годишниот план за јавни набавки на министерот за финансии. По донесувањето на Годишниот план во текот на 2024 година истиот може да се измени или дополни согласно обезбедените средства. Донесениот план за јавни набавки Агенцијата има обврска да го објави на електронскиот систем за јавни набавки најдоцна до крајот на јануари 2024 година.

Г-дин Петрушевски праша дали може да се појави проблем за реализирање на Годишниот планот за јавни набавки поради изборите кои се најавени за 2024 година?

Раководителката Митревска објасни дека тие набавки кои што се предвидени во Годишниот план за јавни набавки нема да има проблем истите да се спроведат, но за време на избори не може да се прават измени и дополнувања.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за донесување на Годишниот план за јавни набавки во 2024 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со текст како што беше предложен.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведениот Годишен план за јавни набавки во 2024 година, да го објави на веб-страницата на Агенцијата.

**Точки 3 и 4**

Г-дин Петрушевски предложи предлозите за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ, Скопје, за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на член 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица и за прекршување на член 14 од Законот за медиуми да се образложат во еден вовед и дискусија а гласањето да биде за секоја точка посебно.

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска објасни дека двете прекршувања кај ТВ Телма се констатирани со редовниот надзор реализиран на 7 ноември оваа година. Со програмскиот надзор констатирано е прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на член 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица затоа што на 7 ноември 2023 година, два блока објави/најави за играна програма не беа означени со соодветна предупредувачка

сигнализација за класификацијата на категоријата програма планирана за прикажување. Во однос на административниот надзор објасни дека констатирано е прекршување на член 14 од Законот за медиуми затоа што на 7 ноември 2023 година, радиодифузерот не ги објави податоците за импресумот на документарниот филм „Истражи ја Кина". За двете прекршувања се предлага изрекување на мерка јавна опомена со рок на усогласување од 20 дена, а потоа да се изврши контролен надзор за да се утврди дали радиодифузерот постапил по изречените мерки. Појасни дека радиодифузерот доставил појаснување по однос на двата извештаи од надзор. Во однос на првото прекршување за предупредувачката сигнализација на промотивните најави вели дека грешката не е намерна затоа што не знаеле дека на промотивните најави што не содржат експлицитни сцени од насилство е потребно да се објави предупредувачка сигнализација и дека грешката е веќе коригирана. Во однос на членот 14 од ЗМ велат дека одговорноста за прекршокот ја има нивниот деловен соработник, компанијата што го произвела документарниот филм а од компанијата пак исто така е приложен допис во изјаснувањето на ТВ Телма, дека тоа е технички пропуст направен при монтажа и дека во иднина нема да се повтори.

*<u>Гласање по Точка 3</u>*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-4476/1 од 01.12.2023 година и едногласно заклучи на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ, Скопје да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на член 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица затоа што на 7 ноември 2023 година, два блока објави/најави за играна програма не беа означени со соодветна предупредувачка сигнализација за класификацијата на категоријата програма планирана за прикажување.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 20 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*<u>Гласање по Точка 4</u>*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор, бр.10-4458/1 од 01.12.2023 година и едногласно заклучи на

ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ, Скопје да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 14 од Законот за медиуми затоа што на 7 ноември 2023 година, не ги објави податоците за импресумот на документарниот филм „Истражи ја Кина".

Во согласност со точката 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 20 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, за прекршување на член 53 став 2 од ЗААВМУ. Објасни дека и ова прекршување е констатирано со истиот редовен програмски надзор направен на 7 ноември. Членот 53 став 2 забранува прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации, но радиодифузерот на 7 ноември 2023 година, во дел од утринската информативно-забавна емисија „Ја сакам Македонија" емитувал прикриена аудиовизуелна комерцијална комуникација за производ од фирмата „Comodita Home". Од таа причина се предлага изрекување мерка јавна опомена и согласно Упатството рокот за овој вид на прекршок е веднаш по приемот на Решението, а потоа да се изврши контролен надзор за да се види дали постапил по мерката. И ТВ Сител испратил изјаснување во кое вели дека прекршувањето се должи на недоволна координација помеѓу нивните работни тимови и дека по добивањето на извештајот пристапиле кон подобрување на целокупниот работен процес помеѓу нивните оддели.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-4474/1 од 01.12.2023 година и едногласно заклучи на ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 53 став 2 од ЗААВМУ затоа што на 7 ноември 2023 година, во дел од утринската информативно-забавна емисија „Ја сакам Македонија" беше емитувана прикриена аудиовизуелна комерцијална комуникација за производ од фирмата „Comodita Home".

Во согласност со точката 4 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи веднаш по приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 6**

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска го образложи Предлог-одговорот на известување од ТРД Радио Канал 77 ДООЕЛ Штип. Објасни дека на 6 декември Канал 77 испрати допис до АВМУ и поединечно до сите членови на Советот кој е поврзан со претходно покренатата и запрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Канал 77, односно поврзан е со практиката што радиодифузерот ја нарекува поделено рекламирање. Дописот е во материјалите, но важно е да се каже дека радиодифузерот сосема погрешно ја интерпретира законската регулатива, и домашната и европската, и преку погрешна интерпретација на одредбите бара Советот да му дозволи повторно да емитува во различни региони од државата различни реклами. Објасни дека е битно во одговорот што ќе му се достави да се потенцира дека Агенцијата во ниту еден момент ниту во Извештајот од надзорот ниту во другите документи не стави знак на равенство на поимите аудио или радио програма и аудиовизуелна комерцијална комуникација, напротив ноторен факт е дека комерцијалните комуникации и програма не се поврзани и дека се сосема различни дефинирани поими. Исто така предложи во дописот радиодифузерот да се потсети што беше суштината на прекршувањето, а тоа е дека не емитуваше еден/единствен радио програмски сервис на целата територија за која има добиено дозвола, да се потсети на дефиницијата на програмски сервис дека тоа е целина од програми, комерцијални комуникации и други елементи и дека од самата дефиниција е јасно дека практиката што тој ја нарекува поделено рекламирање е спротивна на законската регулатива. Исто така треба да се каже дека рекламирањето на поделен екран не е забрането со ЗААВМУ како што тврди радиодифузерот во дописот, напротив тоа е практика што се охрабрува во Законот. Во член 98 и баш така е формулирана одредбата, да не се ограничува користењето на новите рекламни техники, заради тоа одвојувањето на рекламите од програмите освен временски може да биде исто просторно. Во посебен Правилник за нови рекламни техники се уредени и рекламирањето на поделен екран и виртуелното рекламирање, интерактивно рекламирање и други форми, меѓутоа битно е дека овие форми на рекламирање се дозволени само кај аудиовизуелните медиумски услуги не и кај аудио услугите и рекламирањето на поделен екран во Законот се дефинира како истовремено прикажување и на аудиовизуелна програма и на реклама на екранот на различни делови од екранот. Тоа што радиодифузерот го вика „split advertising" или поделено рекламирање, во практиката се користат други поими кои што не се поврзани со европската регулатива. Објасни дека го истражувала прашањето за да даде повеќе информации и ова е расправа што се води во САД, Федералната комисија за комуникации од Америка во 2020 година има отворено јавна расправа поттикната од технолошкиот развој и од услуги што ги нудат големите компании дали да им се овозможи на локалните радија да можат на секои 5 минути на секој час да пласираат

таргетирани содржини. Јавната расправа се уште не е завршена, Федералната комисија за комуникации од Америка нема донесено одлука дали да го овозможи ова, затоа што има сериозни расправи по прашањето. Објасни дека пронашла голем број реакции во врска со темата и некои од реакциите ова го опишуваат како притисок на големите технологии врз слободата на говор во Америка. Интересно е што и Националната организација на радиодифузерите е против ваквото решение бидејќи ова според нив освен што ќе го наруши нивниот национален систем за алармирање на итни ситуации, што веројатно е поврзано како на пример кај нас со Центарот за управување со кризи со начинот на алармирање, и веројатно тамо радиодифузерите имаат посебни обврски во однос на тој систем и веројатно тоа ќе влијае на нарушување на тој систем, меѓутоа исто така велат дека тоа ќе доведе до понатамошно сегментирање на локалните рекламни пазари но и до намалување на рекламните приходи затоа што на тој начин огласувачите ќе се стимулираат да не трошат многу средства за маркетинг на национално ниво туку да одат на таргетирани локации со помали приходи. Повтори дека се уште не е завршена расправата, се очекува до крајот на оваа година или следната да се донесе одлуката дали тамо ќе биде дозволено. Меѓутоа тоа не е поврзано со европската регулатива и пракса на која што се потпира нашата регулатива. Смета дека во одговорот радиодифузерот треба да се потсети дека таквата практика, тоа не беше дел од извештајот за надзор затоа што со тоа не може да се констатира со извештај од надзор што го подготвува Секторот за програмски работи, меѓутоа треба да се потсети дека таквото однесување е не лојална конкуренција во однос на регионалните и локалните радиодифузери во нашата држава кои што треба да преживеат од тие пазари кои што сега да ги таргетира националниот радиодифузер.

Г-дин Петрушевски рече очигледно е дека се вложени доста напори за да квалитетно му се одговори на радиодифузерот и се изјасни дека ќе го поддржи предложениот одговор.

Советот на Агенцијата ја разгледа содржината на Дописот од ТРД Радио Канал 77 ДООЕЛ Штип кој се однесува на „емитување рекламни содржини по принципот на поделено рекламирање (split advertising)“, доставен до Агенцијата (наш.бр.08-331 од 06.12.2023г.) и едногласно одлучи да достави одговор до радиодифузерот дека останува на истото мислење и ставови кои беа изнесени на 32-та седница од 9 октомври 2023 година, односно дека е неопходно радиодифузерот да постапува согласно доделената дозвола за емитување радио програмски сервис и на целата територија за која има дозвола треба да емитува идентичен, односно еден/единствен програмски сервис, кој што според членот 3 став 1 точка 12 од ЗААВМУ е дефиниран како – „целина од програми и други елементи на една единствена аудио или аудиовизуелна медиумска услуга“.

Горенаведениот одговор да се достави до ТРД Радио Канал 77 ДООЕЛ Штип.

**Точка 7**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за давање одобрување за донесување одлука за одобрување на финансиски средства за набавка на адвокатски услуги. Објасни дека оваа адвокатска канцеларија е ангажирана веќе трета година од страна на регулаторот и како директор е многу задоволен од услугите кои ги нудат, секогаш се одзиваат на повиците од Агенцијата кога има потреба, како консултации, правни совети,

посебно што и помага на Агенцијата во делот на работата не само на правниот сектор туку и на другите сектори кога имаат потреба за одговори до управниот или уставниот суд за судски постапки што треба да ги води Агенцијата.

Г-дин Петрушевски рече дека оваа набавка на адвокатски услуги е корисна и за Советот на Агенцијата, кога носат одлуки покрај нивното мислење, мислењето на службата и директорот, да има уште една стручна проверка за да бидат исправни во носењето на одлуките или подзаконските акти.

Советот на Агенцијата за потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, едногласно даде одобрение директорот на Агенцијата да донесе Одлука за набавка на адвокатски услуги за 2024 година.

За набавка на адвокатските услуги, се одобруваат финансиски средства во износ од 500.000,00 денари (со вклучен ДДВ), кои се обезбедени во Финансискиот план на Агенцијата за 2024 година.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со субјектот кој ги исполнува бараните услови, ќе склучи договор со кој ќе се уредат меѓусебните односи на двете договорни страни.

**Точка 8**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Бр.** 02-4656/7

26.12 **2023 година**

**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**